УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: ИНФОРМАЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА КОРИСНИКОТ

ТИАРС НАТУРАЛЕ II 1 mg/ml + 3mg/ml, капки за око, раствор
Декстран 70 / Хипромелоза

Пред да започнете со земање на лекот, внимателно прочитајте го упатството за употреба:

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- За дополнителни информации обратете се кај Вашиот фармацевт.
- Доколку симптомите се влошат или не се подобрат после 3 дена, обратете се кај вашиот лекар.
- Доколку некое од несаканите дејства сериозно се влоши, или забележите несакано дејство кое не е наведено во упатството, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

Ова упатство содржи:

1. Што е ТИАРС НАТУРАЛЕ II и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да започнете со употреба на ТИАРС НАТУРАЛЕ II
3. Како се употребува ТИАРС НАТУРАЛЕ II
4. Можни несакани ефекти
5. Како се чува ТИАРС НАТУРАЛЕ II
6. Дополнителни информации

Носител на одобрението за ставање во промет:
Македонијалек доо, ул. Боца Иванова бр.1, Скопје, 02/2603-687

Производител:
SA Alcon-Couvreur NV, Rijksweg 14, B-2870 Пуурс, Белгија
Alcon Singapore Manifacturing Pte.Ltd, Сингапур

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * SHKUP * СКОПЈЕ

Начин на издавање: Лекот може да се издава и/или да се продава, без рецепт.

1. ШТО Е ТИАРС НАТУРАЛЕ II И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

ТИАРС НАТУРАЛЕ II припаѓа на групата лекови наречени вештачки солзи. Содржат DUASORB, растворлив во вода полимерен систем (декстран 70 0,1% и хипромелоза 0,3%) кој се комбинира со вашите природни солзи за да се обезбеди удобно и брзо долготрајно олеснување од сувите очи. Исто така се обезбедува ослободување од црвенило. ТИАРС НАТУРАЛЕ II содржи сигурен, не-сензибилирачки POLYQUAD 0.0011%.

ТИАРС НАТУРАЛЕ II се употребува за лекување на суво око, со што се третира и се постигнува ослободување од непријатност, како што е пецкање и црвенило, поврзано со оваа нарушување.

2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕЕ СО УПОТРЕБА НА ТИАРС НАТУРАЛЕ II

Не употребувајте ТИАРС НАТУРАЛЕ II, ако:

- сте алергични (пречуствителни) на декстран70, хипромелоза или на други состојки на ТИАРС НАТУРАЛЕ II.

Бидете посебно внимателни со ТИАРС НАТУРАЛЕ II, ако:

- Употребувајте ТИАРС НАТУРАЛЕ II само во Вашето(ите) око(очи).
- Ако почуствувате главоболка, болка во очите, промена во видот, иритирани очи, постојано црвенило, или ако состојбата се влоши или не се подобрува повеќе од 3 дена, престанете со употреба и консултирајте се со вашиот лекар.

Употреба со други лекови

Ве молиме кажете му на лекарот или фармацевтот доколку земате или до неодамна сте земале други лекови, вклучувајќи ги и лековите земени без рецепт.

Доколку се употребуваат повеќе од еден локален офталмолошки медицински производ, истите треба да се аплицираат на растојание од 5 минути.
Мастите за очи треба да се аплицираат последни.
Бременост и доење

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да започнете со употреба на овој лек.
ТИАРС НАТУРАЛЕ II може да се употребува за време на бременост и доење.

Ефекти врз способноста за возење и употреба на машини

Како и со другите капки за око, појавата на привремено заматување на видот или други нарушувања на видот можат да влијаат на способноста за возење или употреба на машини. Ако при капнување се јави заматен вид, пациентот треба да почека додека видот да се избистри пред да започне со возење или употреба на машини.

Важни информации доколку употребувате контактни леќи


Треба да се избегнува контакт со меки контактни леќи.Пациентите се советуваат да ги отстранат контактните леќи пред примената на Теарс Натурале и да почекаат најмалку 15 минути пред повторно да се стават.


3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ТИАРС НАТУРАЛЕ II


Употреба кај возрасни
Вообичаената доза е една до две капки во око или очи толку често колку што Ви е потребно за ослободување од симптомите на суво око или иритација на очите, како што е препишано од Вашиот лекар.

Употребувајте ТИАРС НАТУРАЛЕ II само во Вашите очи.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
ЅНКUP
СКОПЈЕ


1


2


3

1. Земете го ТИАРС НАТУРАЛЕ II и едно огледало.
2. Измијте ги рацете.

3. Одвртете го капачето.
4. Држете го шишето, свртено надолу, помеѓу палецот и прстите (слика 1).
5. Навалете ја главата наназад. Повлечете го очниот капак со чист прст, сè додека не формирате „џеб“ помеѓу очниот капак и окото. Капката треба да падне во тој простор (слика 2).
6. Приближете го врвот на шишето кон окото. По потреба послужете се и со огледало.
7. **Со капалката не го допирајте окото или очниот капак, околните зони или други површини**. Во спротивно, капките може да се инфицираат.
8. Нежно стиснете го шишето така што ќе капнувате по една капка ТИАРС НАТУРАЛЕ II (слика 3).
9. Откога ќе го нанесете ТИАРС НАТУРАЛЕ II, притиснете со прстот врз крајот од окото и трепнете неколку пати со што ке се осигурате дека течноста ја покрила целата очна површина.
10. Доколку ставате капки во двете очи, повторете ја постапката на другото око.
11. Веднаш по употребата, цврсто затворете го капачето на шишето.
12. Секогаш употребувајте само едно шише, се додека не се потроши.

Ако капката не капне во окото, пробајте повторно.

Ако употребите повеќе ТИАРС НАТУРАЛЕ II одколку што е потребно исплакете ги вашите очи со топла вода. Не ставајте повеќе капки додека не е време за следната доза.

Ако заборавите да употребите ТИАРС НАТУРАЛЕ II, продолжете со вашата наредна доза по распоред. Сепак ако веќе е време за Вашата следна доза, прескокнете ја заборавената доза и вратете се на редовниот распоред за дозирање
Не капнувајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

Ако употребувате други производи за око, направете растојание од најмалку 5 минути помеѓу употребата. Мастите за око треба да се употребуваат последни.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и сите други лекови, ТИАРС НАТУРАЛЕ II може да предизвика несакани дејства, иако тие не се јавуваат кај секого.

Следниве несакани ефекти се пријавени кај ТИАРС НАТУРАЛЕ II:

- *Многу чести несакани* ефекти (може да се појават кај 1 или повеќе корисници на секој 10)
  - Ефекти во очите: заматен вид
- *Чести несакани ефекти (може да се појават кај 1 до 10 корисници на секои 100)*
  - Ефекти во очите: суво око, нарушувања на очниот капак, абнормално или чувство на страно тело во око, очна непријатност.
- *Невообичаени несакани ефекти (може да се појават кај 1 до 10 корисници на секои 1000)*
  - Ефекти во очите: сензитивност на светлина, намалена осетливост,чешање во око, очна иритација или црвенило.
-
- *Непознати (не може да се процени од достапните податоци):*
  - Ефекти во очите: црвенило на очен капак, болка во очите или оток, очно празнење, крусти на очен капак, зголемено создавање на солзи.

- Генерални несакани ефекти:
- *Невообичаени несакани ефекти (може да се појават кај 1 до 10 корисници на секои 1000)-* , главоболка, дискомфорт (кожа)
- *Непознати (не може да се процени од достапните податоци):* пречувствителност

Пријавување на несаканите ефекти

Доколку добиете некои несакани ефекти, или ако забележите несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме да му кажете на Вашиот лекар или фармацевт. Со пријавување на несаканите ефекти, Вие придонесувате за обезбедување на повеќе информации за безбедноста на овој лек. Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

5. КАКО СЕ ЧУВА ТИАРС НАТУРАЛЕ II

Да се чува надвор од дофат и поглед на деца.

Не го користете ТИАРС НАТУРАЛЕ II по истекот на рокот на траење којшто е наведен на шишето и на надворешното пакување по ознаката „EXP". Рокот на траење се однесува на последниот ден од месецот.

Да не се чува на тепмература под 25°C.

Да не се чува во фрижидер.

Да се чува шишенцето цврсто затворено.

Фрлете го шишенцето со капките за око 4 седмици по првото отворање за да се заштитите од инфекции. Запишете го датумот на отварање на шишенцето на просторот на етикетата на шишенцето и на кутијата. Не употребувајте ги овие капки ако растворот стане матен или ја промени бојата.

Не ги употребувајте ТИАРС НАТУРАЛЕ II ако забележите дека безбедносната лента на капачето е оштетена.

Лековите не се исфрлаат преку отпадните води или отпадот од домаќинството. Побарајте совет од фармацевтот како се исфрлаат лековите што повеќе не Ви се потребни. На тој начин ќе помогнете во заштита на животната средина.

6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи ТИАРС НАТУРАЛЕ II
Активни супстанции се декстран 70 и Хипромелоза. 1 ml раствор содржи 1 mg Декстран 70 и 3 mg Хипромелоза

Други состојки се Поликватерниум-1 (POLYQUAD), боракс (E285), натриум хлорид, калиум хлорид, хипромелоза (хидроксипропилметилцелулоза) (E464) и прочистена вода. Се додава мало количество на натриум хидроксид и/или хлороводородна киселина за прилагодување на нивото на киселост (pH).

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Како изгледа ТИАРС НАТУРАЛЕ II и содржина на пакувањето
ТИАРС НАТУРАЛЕ II е течност (проѕирен, безбоен раствор) која се испорачува во пластично шише од 5 ml со навојно капаче и заштитен прстен. Не сите пакувања можат да се најдат на пазарот.

Датум на последна ревизија на внатрешното упатство
Октомври 2019 година

Број на одобрение за ставање на лекот во промет

